**ОСНОВНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ**

**“БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ” – ПРОБИШТИП**



# *С А М О Е В А Л У А Ц И Ј А*

| ***САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО 2017*** | |
|---|---|
| УЧИЛИШТЕ | ООУ„Браќа Миладиновци“ |
| Адреса | Улица Гоце Делчев бр.2 – Пробиштип |
| Контакт | Тел/фах: 032/483-085<br>e-mail:b_miladinovci@yahoo.com |
| Период на подготовка на Самоевалуацијата | Мај-Јуни 2017 година |
| Број на ученици | 725 |
| Број на подрачни училишта | 4 |
| УЧИЛИШЕН ДИРЕКТОР<br>Име и презиме | м-р Дејан Арсовски |
| Потпис | |
| Датум | 11.08.2017 |
| ОДОБРУВАЊЕ ОД УО | (м.п) |
| Претседател<br>Име и презиме | Маја М.Поцева |
| Потпис | |
| Датум | 11.08.2017 |

**Самоевалуација на училиштето:ООУ„Браќа Миладиновци-Пробиштип”** **Подрачје: Наставни планови и програми**

| |
|---|
| ***Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.*** <br><br> ***Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.*** <br><br> ***Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.*** <br><br> ***Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.*** |
| **Оддели во рамките на подрачјето:** <br><br> ➢ **Организација на наставните планови и програми** <br><br> ➢ **Квалитет на наставните планови и програми** <br><br> ➢ **Вон-наставни активности** |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ„Браќа Миладиновци-Пробиштип”  Подрачје: Наставни планови и програми**

| **Собирање на податоци** (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).<br>**(i) Обработка на документи** | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| -Наставни планови и програми одобрени од МОН;<br><br>-Годишни глобални и тематски планирања;<br><br>-Интегрирани тематски планирања;<br><br>-Дневни планирања на наставниците;<br><br>-Одделенски книги за предходните две учебни години;<br><br>-Анкетни прашалници за избор на наставните предмети. | Училиштето во целост ги реализира наставните планови и програми одобрени од МОН. При тоа се земаат во предвид индивидуалните психофизички способности на учениците и можноста за вклучување на родителите во реализацијата на истите во зависност од видот и степенот на нивното образование преку барање помош, мислење, сугестии и вклучување во разни активности соодветни на нивната професија, афинетет, условите за работа и унапредување на воспитно-образовната дејност. Училиштето искористува се она што може да понуди локалната средина за успешно остварување на програмските задачи, но исто така, тоа придонесува за подигање на културно-образовното ниво на населението.<br>На почетокот на учебната година наставниците ги запознаваат учениците со содржината на наставниот план и програма за тековната учебна година. Училиштето секоја учебна година изработува брошура за родители и ученици преку која ги запознава родителите со делови од програмата за работа, правата и обврските на учениците и организацијата на работата во училиштето, тоа нуди можност родителите да се запознаат со содржините и воспитно образовните цели кои ќе се реализираат.<br>Во шесто одделение учениците имаат можност да избираат втор странски јазик, а од шесто до девето одделение училиштето им нуди листа од изборни предмети предвидени со наставниот план од кои учениците избираат еден предмет што го изучуваат во тековната учебна година.<br>За учениците од седмо, осмо и деветто одделение предметите математика, биологија, хемија и физика се реализираат по програмата Кембриџ.<br>Од трето одделение како задолжителен предмет се воведува предметот работа со компјутер и основи на програмирање. Учениците преку изучување на овој предмет можат да стекнат основна информатичка култура и писменост, основни знаења и вештини за работа со компјутер. |
| -Извештаи и материјали од работата на стручните активи;<br><br>-План и програма за реализација на Програмата | Наставниците имаат можност за модификација на наставните планови и програми преку перманентно стручно усовршување и преку примена на активните методи и техники на учење кои го поттикнуваат критичкото мислење кај учениците.<br>Интегрираното учење дава можност за целосно ангажирање на учениците во решавање на проблеми и задачи, доаѓање до нови идеи и работење со конкретни |

| | |
|---|---|
| “Работа со компјутер”;<br><br>-План и програма за работа на одделенските часови;<br><br>-План и програма за реализација на Програмата „Образование за животни вештини“;<br><br>-Програма за “Интеграција на еколошкото образование во македонскиот образовен систем”;<br><br>- Програма за реализација на проектот за меѓуетничка интеграција во образованието<br><br>-Статут за работата на ученичката заедница;<br><br>-Проекти изработени во рамките на ученичката заедница. | предмети, ситуации и настани.<br>Во планот и програмата за работа на одделенските часови планирани се содржини од областа на здраственото воспитување кои овозможуваат стекнување на информации, знаења за здравјето и негово унапредување и оспособување на учениците за здрав начин на живеење.<br>Дел од наставниците имаат ИОП ( индивидуален образовен план ) за работа со деца со посебни потреби. Постојат примери на соодветно интегрирани содржини со активностите на локалната средина во наставните планирања на наставниците.<br>Во соработка со Одделението за јавни дејности организирани се предавања од областа на болестите на зависност ( дроги, алкохол, пушење) како и заштита од ХИВ/СИДА.<br>За учениците од второ до деветo одделение продолжува со реализација програмата Образование за животни вештини кој ќе се реализира преку одделенскиот час. Наставниот кадар редовно ќе ги следи промените ќе ги усогласува истите и врз основа на тоа, едуцирањето ќе биде насочено кон развивање на индивидуата на детето. Во прво одделение овој предмет се воведува преку содржините на другите наставни предмети.<br>Во нашето училиште се реализираат активности во склоп на програмата за Интеграција на еколошкото образование во македонскиот образовен систем, а во соработка со Швајцарската агенција за развој и невладината организација ЗГ, ОХО-Скопје. Интегрираното планирање претставува значајна карактеристика на современиот пристап во наставата, функционално поврзување на содржините од наставните предмети или нивните делови, при што се задржува нивната самостојност, систематичност и логичност. На тој начин се создава стимулативна и креативна средина за учење, активно учество на учениците, висок степен на интеракција, примена на повеќе социјални форми и методи за работа, тимска работа на наставниците.<br>Исто така училиштето е вклучено во проектот на УСАИД за Меѓуетничка интеграција во образованието. Така преку овој проект ќе се работи на создавање на политичка, социјална и економска клима потребна за Р.Македонија да постигне одржлива интеретничка интеграција во училиштата, останатите образовни институции па и во целото општество. Во фокусот на проектните активности ќе бидат учениците,родителите наставниците, членовите на училишниот одбор во нашето училиштекако и во сите основни и средни училишта во Р. Македонија. Целта на проектот е да се осознае предноста на живеење во мултикултурна држава и можноста за збогатување на културата со постоење на повеќе етнички групи. Од минатата учебна |

| | |
|---|---|
| | година за поуспешна реализација на овој проект нашето училиште најде партнер училиште од општина Центар Жупа, ОУ „Мустафа Ќемал Ататурк“.<br><br>Ученичката заедница како највисока форма на организирано делување на учениците овозможува промовирање и иницирање на активности во духот на демократското работење. |
| -Планови и програми за работата на слободните ученички активности;<br><br>-Планови и програми за работата на додатната настава;<br><br>-Освоени награди, дипломи и пофалници;<br><br>-Одделенски дневници. | Во ООУ “Браќа Миладиновци”, вон-наставните активности се составен дел од воспитно-образовниот процес. Тие се реализираат преку: слободни ученички активности, натпревари, ученички екскурзии, настава во природа, хуманитарна и друга општествено-корисна работа, организираност на учениците.<br>За учениците кои во текот на редовната настава постигнуваат значителни резултати по одделни предмети е организирана е додатна настава и настава за надарени и талентирани ученици.<br>Овој вид на настава е подеднакво достапен за машките и женските ученици кои во зависност од своите афинитети вршат соодветен избор.<br>Учеството на учениците во воннаставните активности овозможува поттикнување и негување на нивната љубопитност, сознајните способности, креативноста , изнесување на своите и почитување на мислењата и ставовите на другите. |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ„Браќа Миладиновци-Пробиштип”   Подрачје:Наставни планови и програми**

| Собирање на податоци (ii) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...) | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| -Прашалник за наставници;<br><br>- Меѓусебни разговори. | -Педагогот на училиштето;<br><br>-Психологот на училиштето;<br><br>-Наставници од одделенска настава;<br><br>-Наставници од предметна настава. | Анкетирани беа вкупно 59 наставници од кои 11 мажи и 48 жени , сите Македонци.<br>Во училиштето наставниците го реализираат наставниот план и програма со меѓусебна соработка, навремено ги изготвуваат своите годишни и тематски планирања .<br>Нивната соработка со стручната служба во училиштето како и со надворешни институции во работата со учениците е на високо ниво. |
| -Прашалник за родители;<br><br>-Разговор. | -Педагогот на училиштето;<br><br>-Психологот на училиштето<br><br>-Одделенски раководители;<br><br>-Наставници од одделенска настава;<br><br>-Ученици. | Анкетирани беа вкупно 233 родители со еднаква полова застапеност.<br>Родителите се задоволни од квалитетот на изведувањето на наставата во поглед на стручноста на наставниците и нивното ангажирање.<br>Наставните планови и програми им се достапни на родителите преку изготвените интегрирани тематски планирања, а исто така со измените и новините на истите родителите се запознаваат и на родителските средби.<br>Поголем дел од нив сметаат дека наставните содржините се приспособени на возраста и способностите на учениците и училиштето му дава можност на секој ученик за учество во повеќе воннаставните активности.<br>Училиштето ги штити ученици од насилство и употреба на droги и поттикнува кај нив чувство на поголема самоконтрола, одговорност и поголема самостојност во работата.<br>Родителите се информирани за понудените изборни предмети кои учениците можат да ги изучуваат. |

| | | |
|---|---|---|
| -Прашалник за ученици;<br><br>-Набљудување;<br><br>-Разговор. | -Педагогот на училиштето;<br><br>-Психологот на училиштето;<br><br>-Одделенските раководители; | Анкетирани беа вкупно 239 ученици со еднаква полова застапеност. Учениците се задоволни од училиштето и од наставата што се реализира во него.<br>Мотивирани се за размислување ,создавање на нови идеи и соработка со други луѓе.<br>Учениците се навремено известени за содржините на Наставните планови и програми, тематските планирања им се достапни и истите се во согласност со нивните потреби, интереси и сознајни можности.<br>Наставата во училиштето се одвива на солидно ниво со користење на различни методи и техники на учење.<br>Учениците имаат можност за активно учество во вон-наставните активности, лесно ги реализираат домашните задачи без посебни потешкотии, одговорно и успешно ги извршуваат дадените задолженија и обврски. |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ„Браќа Миладиновци-Пробиштип”   Подрачје: Наставни планови и програми**

| **Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости** |
| --- |
| **Клучни јаки страни**<br><br>✓ Наставните планови и програми по сите наставни предмети содржински се квалитетно изработени;<br>✓ Наставата ја реализира соодветен стручен кадар;<br>✓ Во училиштето постојат и успешно работаат повеќе слободни ученички активности;<br>✓ Соработка со родителите и локалната средина за успешно реализирање на повеќе наставни и вонаставни активности<br>✓ Оптимално користење на постојната стручна литература и материјално-техничките услови за работа.<br>✓ Училиштето обезбедува услови за вклучување на учениците со посебни образовни потреби во вонаставните активности<br>✓ Училиштето реализира проширени програми, почитувајќи ги потребите на учениците |
| **Слабости**<br><br>✓ Потребна е поголема заемна соработка на ниво на стручни активи;<br>✓ Интересот на родителите за наставните програми е мал;<br>✓ Немање на наставни планови и програми за работа со ученици со посебни образовни потреби; |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ„Браќа Миладиновци-Пробиштип”   Подрачје:Наставни планови и програми**

|  |
|---|
| **Анализа на резултатите:**<br><br>***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје*** |
| Во нашето училиште успешно се реализираат наставните планови и програми одобрени од МОН со одредени прилагодувања на индивидуалние психофизички способности на учениците и можноста за вклучување на родителите во реализацијата на истите.<br>Сите видови на настава: задолжителна, изборна и слободните ученички активности како и дополнителната и додатната настава се квалитетно планирани и реализирани што им дава можност на учениците активно да се вклучат во нивна реализација без разлика на полот, етничата припадност и разликите во способностите.<br>Соработката на училиштето со локалната средина се реализира преку активно вклучување на училиштето во средината и нејзино информирање за постигнатите резултат.<br>При вклучување на учениците во секциите наставниците се раководат на принципот на доброволност и наклонетост на учениците кон предметот. Личниот интерес на учениците има примарно значење за изборот на активностите вон-наставата, без оглед на успехот во наставата. |
| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**<br><br>• Поголема заемна соработка на ниво на стручни активи;<br>• Поголема заинтересираност на родителите за наставните програми;<br>• Обука за наставници за работа со деца со посебни образовни потреби . |

**Самоевалуација на училиштето ООУ„Браќа Миладиновци-Пробиштип”** **Подрачје: Постигнувања на учениците**

| |
|---|
| ***Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.*** <br><br> ***Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.*** <br><br> ***Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.*** <br><br> ***Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.*** |
| **Оддели во рамките на подрачјето:** <br><br> ➢ **Постигања на учениците** <br><br> ➢ **Задржување/осипување на учениците** <br><br> ➢ **Повторување на учениците** |

| **Собирање на податоци** (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).<br>(i) Обработка на документи | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| -Записници од одржани состаноци на стручните активи;<br><br>-Изработени проекти од учениците ;<br><br>-Стручни предавања од областа на здравственото и сообраќајното образование;<br><br>-Полугодишен извештај за одделенска и предметна настава за учебната 2015/16 година;<br><br>-Годишен извештај за одделенска и предметна настава за учебната 2015/16 година;<br><br>-Записници од одржани одделенски совети;<br><br>-План и програма за реализација на додатната настава;<br><br>-Освоени дипломи и награди на регионални и државни натпревари;<br><br>-Анализа на успехот на учениците во првото и третото тромесечие; | Наставата во училиштето се изведува на македонски наставен јазик. Наставата се реализира според наставниот план. Училиштето располага со комплетни податоци за постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност, по наставни предмети, паралелки, низ квалификациони периоди во секоја учебна година. Постигањата на учениците се следат од една во друга учебна година и податоците се користат за понатамошните анализи. Во текот на учебната година, податоците за постигањата на учениците уредно се внесени во дневникот на паралелката, евидентните листови на учениците, полугодишните и годишните извештаи.<br><br>Постојат повеќе форми на работа кои училиштето ги применува со цел да се подобри квалитетот на наставата, а со тоа и постигањата на учениците да се издигнат на едно повисоко ниво.<br><br>Подобрувањето на постигањата на учениците, се врши преку воведување на разни современи методи и техники на учење, активно учество на учениците во наставата и вон-наставните активности, тимска работа во рамките на стручните активи, вклучување на надворешни лица од областа на здравството, културата, сообраќајот и т.н. кои допринесуваат во проширување на знаењата и интересите на учениците.<br><br>По однос на половата припадност нема поголеми разлики во постигањата, т.е.успехот и кај машките и кај женските деца е речиси изедначен. Бројот на ученици кои припаѓаат на други националности е мал 12 Роми -10 машки и 14 женски , а од увидот во Полугодишните и Годишните извештаи може да се заклучи дека нивните постигања не се разликуваат во споредба со постигањата на останатите ученици.<br>Во учебната 2015/2016 година од вкупно 396 ученици во одделенска настава(189 машки и 207 женски) од кои 247 се описно оценети, средниот просек изнесува 4,38 (4,27 машки и 4,44 женски), а во предметна настава од вкупно 309 ученици средниоит успех е 4,09 (3,80 машки и 4,27 женски). |

| | |
|---|---|
| -Анализа на успехот на учениците при преминот од петто во шесто одделение; | На наставничките совети кои се одржуваат на крајот од првото полугодие и на крајот од секоја учебна година се разгледува и усвојува Извештај за постигнатиот успех на учениците, при што се врши споредба на постигнатите резултати со резултатите постигнати во истиот период минатата учебна година по предмети и одделенија. На крајот на првото и третото тромесечие се изготвува анализа на успехот на учениците, а со цел да се види степенот на прилагоденост на учениците при преминот од одделенска во предметна настава како и степенот на подготвеност на учениците за продолжување на средното образование се изготвува анализа за успехот на учениците од шесто одделение и од прва година.<br>Во нашето училиште има една паралелка за ученици со посебни потреби со кои работи дефектолог. Додека за учениците со посебни потреби кои се вклучени во редовна настава, наставниците имаат посебно изготвени планови и програми, нивните постигања се следат преку задавање на задачи со тежинско ниво прилагодено на нивните можности и способности, изработка на вежби кои ја поттикнуваат нивната креативност и чувството за самодокажување. Исто така со овие ученици работи и дефектолог-стручен соработник.<br>Со оние ученици кои имаат потешкотии во учењето се реализираат посебни часови за дополнителна настава по оние предмети за кои на ваквите ученици им е потребна дополнителна помош.<br>За работа со надарени ученици се реализираат часови за додатна настава.<br>Како показател за успешно реализираната воспитно –образовна дејност во нашето училиште освен постигнатиот успех на учениците се и постигнатите резултати на наши ученици како на општинските така и на регионалните и државни натпревари.<br>Резултатите од постигнатите општински, регионални и државни натпревари за учебната 2014/2015 година се следниве:<br>На **Општинскиот натпревар по физика** ученичката Каролина Трајковска IX одделение го освои првото место, Стефани Петрова VIII одделение-прво место, Анастасија Симоновска VIII одделение -второ место и Жанета Тодевска VIII одделение-трето место под менторство на наставничката Ратка Стојановска. Сите ученици се здобија со право на учество на регионален натпревар.<br>На **Регионалниот натпревар по физија** ученичката Каролина Трајковска IX одделение го освои првото место, Жанета Тодевска VIII одделение-второто место, а Стефани Петрова VIII одделение и Анастасија Симоновска VIII одделение добија пофалници. Сите ученици добија право на учество на државен натпревар. |

| | |
|---|---|
| | На **Државниот натпревар по физика** ученичката Каролина Трајковска IX одделение го освои второто место, Стефани Петрова VIII одделение доби пофалница под менторство на наставничката Ратка Стојановска.<br>На **Државниот натпревар по хемија** од нашето училиште учествуваа учениците Анастасија Миневска и Габриела Гаврилова од IX кои се здобија со сертификати за учество, под менторство на наставничката Драгица Терзиќ.<br>На **Општискиот натпревар по математика** учениците Филип Милисов VII одделение и Каролина Трајковска IX одделение го освоија првото место, а учествуваа и на **регионален натпревар по математика** каде исто така го освоија првото место под менторство на наставничката Благица Милисова. Додека ученикот Стојче Арсов VI одделение заде учество на општинскиот натпревар по математика, како и на регионалниот каде го освои второто место под менторство на наставничката Гордана Давиткова<br>На општинскиот натпревар по математика учествуваа и ученици од одделенска настава: Ива Јанева IV одд. освои прва награда, Нина Глигоровска IV одд.трета награда, додека на регионалниот натпревар по математика учениците Ива Јанева и Нина Глигоровска IV одд. освоија втора награда, Милан Јанковиќ, Анастасија Василева и Дамјан Јордановски од V одд. освоија трета награда и Софија Гоговска V одд. доби пофалница.<br>На **Државниот натпревар по математика** ученикот Филип Милисов VII одд. Го освои второто место, а ученичката Каролина Трајковска доби пофалница, под менторство на наставничката Благица Милисова.<br>На **Општинскиот натпревар по англиски јазик** под менторство на наставничката Јулијана Маркова, ученикот Александар Јосифовски Vодд. Го освои првото место, Јована Наумова Vодд. Второто место, Габриела Гаврилова IXодд. Го освои првото место, а Анастасија Миневска IXодд. второто место.<br>На **државниот натпревар по биологија** ученичката Евгенија Јаковлеска го освои второто место под менторсво на наставничката Силва Зафировска.<br>На **Олимпијадата по народна техника**-применета биологија која се одржа во Велес под менторство на наставникот Емил Спасовски, ученикот Јован Спасовски освои пофалница. Додека на „Смотра на млади техничари и природници“-Астронаутика, ученикот Дарио Стојановски, под менторство на наставникот Александар Михајловски го освои шестото место.<br>Во однос на **спортските натпревари** во овој период од учебната година се одржаа повеќе натпревари на општински ниво на кои наши ученици постигнаа солидни резултати: Одбојка(женски)-прво место, Зонско одбојка(женски)-прво |

| | |
|---|---|
| | место, Зонско одбојка(машки)-второ место, Кошарка(женски)-прво место, Кошарка(машки)-прво место, Зонско кошарка(женски)-прво место, Зонско кошарка(машки)-второ место.<br>На **државниот напревар „Младински олимписки игри Карпош 2015“** женската одбојкарска екипа го освои второто место под менторство на наставникот Емил Спасовски.<br>Резултатите од постигнатите општински, регионални и државни натпревари за учебната 2015/2016 година се следниве:<br>На **Општинскиот натпревар по физика** се постигнати следниве резултати:<br>• Анастасија Симонова IX одд. - I место<br>• Стефани Петрова IX одд. - II место<br>• Жанета Тодевска IX одд. – III место<br>• Евгенија Јаковлевска VIII одд. – I место<br>• Филип Милисов VIII одд. - II место<br>• Тоше Гацов VIII одд. - III место.<br>Ментор Ратка Стојановска.<br>На **Регионалниот натпревар по физика** се постигнати следниве резултати:<br>• Евгенија Јаковлевска VIII одд. – II место<br>• Филип Милисов VIII одд. - III место<br>Ментор Ратка Стојановска.<br>На **Државниот натпревар по физика** се постигнати следниве резултати:<br>• Евгенија Јаковлевска VIII одд. – III место<br>• Филип Милисов VIII одд. - III место<br>Ментор Ратка Стојановска.<br>На **Општинскиот натпревар по биологија** се постигнати следниве резултати:<br>• Моника Денчевска VIII одд. – II место<br>• Теона Денчевска VIII одд. – III место<br>• Марија Живкович VIII одд. – III место<br>• Тамара Цветановска VII одд – III место<br>• Драго Јакимовски VII одд. – II место<br>Ментор Силва Зафировска |

| | |
|---|---|
| | • Кристијан Симоновски VII одд. – II место<br>• Теа Пешовска VII одд. –II место<br>• Наталија Златанова VII одд.- III место<br>Ментор Александар Михајловски<br><br>На **Регионалниот натпревар по биологија** се постигнати следниве резултати<br><br>• Драго Јакимовски VII одд. – II место<br>Ментор Силва Зафировска<br><br>• Теа Пешовска VII одд. –III место<br>• Кристијан Симоновски VII одд. –III место<br>Ментор Александар Михајловски<br><br>На **Државниот натпревар по биологија** се постигнати следниве резултати:<br><br>• Драго Јакимовски VII одд. – III место<br>Ментор Силва Зафировска.<br><br>**Регионалниот натпревар по Природни науки** за учениците од IV и V одд. се одржа во нашето училиште. На натпреварот учествуваа повеке ученици кои обезбедија претхдно право на учество преку Општинскот натпревар, а беа постигнати следниве резултати:<br><br>• Ива Јанева Vодд – II место<br>• Пепита Димитрова Vодд.- III место<br>Ментор Силва Зафировска<br><br>• Викторија Јованчева Ivодд. – III место<br>Ментор Драгица Апостолова<br><br>На **Државниот натпревар по Природни науки** за учениците од IV и Vодд се постигнати следниве резултати:<br><br>• Ива Јанева Vодд – III место.<br>На регионалниот натпревар по **Англиски јазик Spelling bee** учениците Михајло Милевски и Невена Станковска влегоа во петтте најдобри ученици во регионот со што се стекнаа со право на учество на државниот натпревар. На државниот натпревар ученикот Михајло Милевски го освои I место.<br><br>Учениците од нашето училиште учествуваа и на општинскиот натпревар по |

| | |
|---|---|
| | **Англиски јазик** каде постигнаа солидни резултати<br>• Јана Милевска IX одд. -I место – Ментор Дивна Младеновска<br>• Андреј Николовски V одд – II место – Ментор Валентина Петрушева<br>• Иван Игнатов V одд – III место – Ментор Валентина Петрушева<br>• Дамјан Трајчев V одд. – I место Ментор Сашка Јовановска<br>• Матеј Симоновски V одд – II место ментор Сашка Јовановска<br>• Лихнида Јованова IX одд – II место Ментор Марија Нушевска<br>На **Регионалниот натпревар по Англиски јазик** се постигнати следниве резултати:<br>• Андреј Николовски V одд – II место – Ментор Валентина Петрушева<br>• Матеј Симоновски V одд – III место ментор Сашка Јовановска<br>Наши ученици учествуваа и на натпреварот по математика каде исто така имаме постигнати резултати. Ученикот Филип Милисов го освои III место на Државниот натревар и обезбеди учество на Јуниорската Математичка олимпијада и на Меѓународниот математички куп.<br><br>Ученикот Христијан Петрушев освои диплома за најдобра песна на 37 фестивал „Детски лирски треперења„.<br><br>Во однос на **спортските натпревари** по освоените први места на општинскиот , регионалниот и меѓурегионалниот натпревар на Државниот натпревар по кошарка – женски, екипата на нашето училиште го освои II место под менторство на Лена Игнатова.<br>На општинскиот натпревар одбојка машки беше освоено I место а на зонскиот натпревар II место; а екипата одбојка женски на општинскиот натпревар го освоија I место, на зонскиот натпревар исто I место, а на регионалниот II место, под менторство на Емил Спасовски.<br>Под менторство на Благоја Стојановски, екипата футсал на општинско ниво го освоија I место а на зонско II место.<br>На општинскиот натпревар **Детски семафор**, беа освоени следните награди:<br>• Андреј Стојановски VI одд. I место<br>• Василија Василева VI одд. II место<br>• Давид Кузманов VIII одд. I место<br>• Моника Денчевска VIII одд. I место |

| | |
|---|---|
| -Одделенски книги<br>-Матични книги<br>-Преведници<br>-Дневник за соработка на стручните соработници со учениците | Сите ученици го завршуваат образовниот циклус, некои со послаб, некои со подобар успех, без разлика на нивната полова и етничка припадност. За учениците кои покажале негативен успех по еден или два наставни предмети на крајот од учебната година се организира дополнителна настава.<br>Најголемиот дел од запишаните ученици своето образование го завршуваат во нашето училиште со исклучок на мал број ученици кои се отпишуваат поради промена на место на живеење. Во учебната 2015/2016 година од нашето училиште се испишаа четири ученика и тоа сите женски. Додека учебната 2014/2015 година се отпишани четири ученка (2 машки и 2 женски).<br>Со добра соработка на стручните соработници со учениците и со нивните родители, и со навремено вклучување на надлежните институции, училиштето успева да ги задржи оние ученици кои пројавиле тенденции за напуштање на школувањето. |
| -Закон за основно образование<br>-Статут на училиштето<br>-Матични книги<br>-Одделенски книги | Во учебните 2014/2015 и 2015/2016 година од вкупно 705 ученици, немаше повторувачи, додека сите ученици успешно ја поминаа оваа учебна година. |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ„Браќа Миладиновци-Пробиштип"   Подрачје: Постигнувања на учениците**

| **Собирање на податоци (ii) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)** | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| -Прашалник за наставници;<br><br>-Меѓусебни разговори | -Педагогот на училиштето ;<br><br>-Психологот на училиштето;<br><br>-Наставници од одделенска настава;<br><br>-Наставници од предметна настава . | Анкетирани беа вкупно 59 наставници од кои 11 мажи и 48 жени , сите Македонци.<br>Наставниците редовно го следат и бележат постигнувањето и напредувањето на учениците. При оценувањето се зема во предвид и нивното мислење за личните достигнувања.<br>Наставниците разговараат со учениците за начинот на оценување на нивните постигнувања, и редовно ги информираат за нивниот напредок.<br>Училиштето има добро развиен систем на праведно оценување на постигањата на учениците, и овозможува задоволување на потребите за знаење кај учениците без разлика на нивните можности и предиспозиции. |
| -Прашалник за родители;<br><br>-Разговор. | -Педагогот на училиштето;<br><br>-Психологот на училиштето<br><br>-Одделенски раководители ;<br><br>-Наставници од одделенска настава ;<br><br>-Ученици. | Анкетирани беа вкупно 233 родители со еднаква полова застапеност.<br>Родителите сметаат дека наставниците се грижливи за своите ученици и постигнуваат максимален успех.<br>Редовно се информирани за напредокот и постигнувањата на нивните деца, се во постојан контакт со наставниците, и за било кој проблем слободно можат да се обратат до нив.<br>Стручните служби се во добри односи со родителите и на учениците им ја дава потребната поддршка.<br>Наставниците секогаш позитивно ги вреднуваат резултатите и успесите на учениците. |
| -Прашалник за ученици; | -Педагогот на училиштето | Анкетирани беа вкупно 239 ученици со еднаква полова застапеност.<br>Оценувањето на постигнувањата на учениците е континуирано и праведно по поголем дел од наставните предмети. |

| | | |
|---|---|---|
| -Разговор;<br><br>-Набљудување;<br><br>-Анализа. | -Психологот на училиштето;<br><br>-Одделенските раководители<br><br>-Наставниците од одделенска настава | Поголем дел од учениците сметаат дека наставниците им ја даваат потребната подршка и внимание на оние ученици со потешкотии во постигање на успехот.<br>Дел од наставниците при оценувањето на знаењата од својот предмет ги земаат во предвид и оцените по другите наставни предмети.<br>Учениците се трудат да научат колку што е можно повеќе,сакаат да добиваат задолженија и лесно ги реализираат без посебни тешкотии. Сакаат да одат на училиште и многу ретко отсуствуваат од настава. |

**Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости**

**Клучни јаки страни**

- ✓ Добра организираност на наставата;
- ✓ Редовно следење и вреднување на постигањата;
- ✓ Користење на разни методи и техники на учење;
- ✓ Учество на учениците на регионални и државни натпревари и постигнување на солидни резултати
- ✓ Училиштето ја практикува инклузијата на децата со посебни образовни потреби во секојдневните свои активности и со нив работат одделенските и предметните наставници во соработка со стручната служба;
- ✓ Училиштето има инструмент со кој ги следи постигнувањата на учениците, според различен пол и етничка припадност.
- ✓ Јавно истакнување на постигнатите резултати на учениците од регионалните и државните натпревари.

**Слабости**

- ✓ Недоволна соработка од страна на родителите за почеста комуникација со одделенските раководители и другите наставници;
- ✓ Недоволна едуцираност на наставниот кадар за работа со ученици со пречки во развојот и посебни потреби кои се вклучени во редовната настава;

- ✓ Интересот кај учениците за додатна и дополнителна настава кај учениците во преметна настава е помал за разлика кај учениците во одделенска настава;
- ✓ Незадоволително присуството на родителите на последната родителска средба на која се изнесува и образложува оценката на секој ученик.

**Самоевалуација на училиштето ООУ„Браќа Миладиновци-Пробиштип”** **Подрачје:Постигнувања на учениците**

**Анализа на резултатите:**

***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје***

Современата и квалитетна настава е еден од главните фактори кои влијаат на подобрување на постигањата на учениците.Во нашето училиште тоа се постигнува со воведување на нови ,современи методи и техники на учење, активно учество на учениците во наставата, преку изготвување на разни проекти, портфолиа и др., вклучување на надворешни лица кои во рамките на својата дејност придонесуваат за подобрување на квалитетот и квантитетот на знаењата и постигнувањата на учениците. Во процесот на следење и вреднување на нивните знаењата учениците подеднакво се третираат без разлика на нивната полова и етничка припадност.

Постигањата на учениците редовно се следат и споредуваат од страна на Наставничкиот совет.

Подеднакво се работи на подобрување на успехот и со оние ученици кои имаат потешкотии во учењето и со надарените ученици. Со добро организирана стратегија и план за работа на сите ученици им се овозможува успешно да го завршат своето основно образование.

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Зголемување на интересот кај учениците од предметна настава за додатна и дополнителна настава;
- Едукација и остручување на наставниците за работа со ученици со посебни потреби;
- Поголема соработка со родителите.

***Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.***

***Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.***

***Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.***

***Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.***

**Оддели во рамките на подрачјето:**

- **Планирање на наставниците**
- **Наставен процес**
- **Искуства на учениците од учењето**

| **Собирање на податоци** (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).<br>(i) Обработка на документи | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| -Годишни глобални планирања;<br><br>-Тематски планирања;<br><br>-Дневни планирања;<br><br>-Записници од Наставнички совет на училиштето;<br><br>-Материјали од работата на стручните активи;<br><br>-Модели на планирања. | За реализација на наставните планови и програми наставниците вршат планирање на воспитно образовната работа при што целите, содржините, формите, техниките на учење, активностите на наставникот и активностите на учениците се ставаат во меѓусебна функционална врска.<br>Наставниците ги изготвуваат следните видови на планирање: Годишно глобално планирање, Тематско-процесно планирање и Дневно планирање.<br>Преку непосредно следење на наставата, училиштето има постојан стручен увид во состојбите поврзани со планирањето, со каков квалитет се остварува планирањето и каков вид на инструктивно советодавна помош им е потребна на одделни наставници во врска со планирањето.<br>Со цел часовите да бидат поефикасно планирани училиштето дава стручна подршка преку интерни обуки организирани на ниво на стручни активи и на Наставнички совет на училиштето, преку организирање на нагледни часови и преку јакнење на тимската работа.<br>Во рамките на стручните активи натавниците презентираат модели на различни видови планирања, споделуваат искуство, разменуваат идеи и тимски соработуваат. |
| -Модели на дневни планирања со примена на современи методи и техники на учење;<br><br>-Материјали од годишни, месечни, дневни подготовки на наставниците;<br><br>-Одделенски дневник<br><br>-Материјали и извештаи од | Во реализацијата на наставата се користат разновидни наставни форми и методи кои овозможуваат поголема активност на учениците како што се: групна форма на работа која овозможува развивање позитивен однос кон работата и зголемување на мотивираноста за работа , работа во парови со взаемно помагање и надополнување, индивидуализирана настава со користење на наставни ливчиња кои овозможуваат оптимален развој на знаењата и способностите за учење, метод на демонстрација кој овозможува непосредно запознавање со предметите и појавите, метод на поттикнување и истражувачки активности.<br>За успешно реализирање на наставните содржини се користат и ресурсите со кои располага училиштето како што е библиотеката, кабинетската настава и други материјали и опрема. |

| | |
|---|---|
| работата на стручните активи ;<br><br>-Материјали од семинари | Наставниците во воспитно образовната работа користат различни техники на учење ( грозд, венов дијаграм, коцка, инсерт метода, скелетен приказ, ЗСУ, петторед и др.) кои им овозможуваат на учениците активно да се ангажираат во процесот на учење. Во работата со учениците се поставуваат и прашања со што се поттикнуваат различни видови на мислења, се водат дискусии за одредена тема со што се насочува вниманието кон суштинските информации.<br>Во работата со учениците подеднакво се третираат машките и женските ученици и не постојат стереотипи по однос на машки и женски активности.<br>Работата на наставниците се оценува преку следење на наставата, следење на воспитно образовната работа во воннаставните подрача, преку следење на дидактичко методскиот квалитет на наставните часови, квалитетот на проверувањето и оценувањето и преку исполнување на програмските обврски. |
| -Изгледот на училниците;<br><br>-Организацијата на просторот;<br><br>-Уредени катчиња по наставни предмети ;<br><br>-Паноа;<br><br>-Ученички трудови изложени во холот на училиштето. | Училишната средина подеднакво ги стимулира машките и женските ученици од различно етничко и социјално потекло преку активно вклучување во воннаставните активности каде можат да ги задоволат своите потреби, да го следат сопствениот развој и напредокот на останатите ученици.<br>Додатната настава ги стимулира и максимално ги развива способностите на учениците во соработка со нивните интереси и потреби.<br>Учениците се поттикнуваат и преку ученичките натпревари.<br>Во текот на целата учебна година во ходниците на училиштето континуирано се изложуваат ученички трудови и проектни активности на учениците од различни наставни предмети.<br>Во училничките простории уредени по центри и катчиња исто така се промовираат и изложуваат ученички трудови, трудови изработени во рамките на проектите, кое нешто му дава оргинален изглед на внатрешната организација на училиштето. Изложените трудови подеднакво ги претставуваат учениците од двата пола, етничките групи и учениците со различни способности.<br>Наставниците ги охрабруваат учениците преку примена на методот на поттикнување кој се остварува преку пофалби, награди, признанија, натрпревари, преку организирање на самостојна работа и вклучување во истражувачки постапки. |
| -Одделенски дневник, подготовки на наставникот, фотографии | Индивидуализацијата е еден од основните принципи во организирањето на воспитно-образовната работа кој овозможува почитување на индивидуалитетот на секој ученик, а принципот на диференцијација му овозможува на наставникот содржините и активностите да ги изведува на неколку различни нивоа во согласност со развојните можности на секој ученик. Наставниците практикуваат различни наставни стратегии за да можат да излезат во пресрет на различните потреби на учениците. Ги поч |

| | |
|---|---|
| | итуваат разликите во одделението и одговараат на секоја потреба и потенцијал на секое дете. Ја поттикнуваат позитивната самодоверба, ги препознаваат индивидуалните разлики, ги охрабруваат и поттикнуваат. |
| -Законот за основно образование;<br><br>-Материјали од семинари за описно оценување;<br><br>-Досиејата на учениците;<br><br>-Евидентни листови, чек листи и анегдотски белешки;<br><br>-Материјали од семинари за “Унапредување на оценувањето на учениците” | Во согласност со Законот за основно образование од прво до трето одделение постигнувањата на учениците се оценуваат описно, додека од четврто, петто и шесто одделение деветгодишно образование постигањата на учениците се оценуваат и писмено и бројчано. За таа цел наставниците користат анегдотски белешки, евидентни листови, чек листи, прашалници, тесови, извештаи, а се води и ученичко досие. Досието односно портфолието е збирка од ученички трудови, писмени состави, тестови, контролни задачи, но и податоци за здраствената и социјалната состојба.<br>Оценувањето на останатите ученици е бројчано со користење на различни видови на инструменти за писмено проверување и усно проверување и оценување.<br>Наставниците ги применуваат стандардите за оценување на учениците, т.е. ја осознаваат потребата од поинакво оценување, го применуваат формативното оценување како составен дел од тематските, дневни планови за час, ги применуваат стратегиите и методите на формативното оценување |
| -План и програма за работа со родителите;<br>-Годишната програма за работа на училиштето<br>-Материјали од работата на Советот на родители<br>-Одделенските книги | Учениците континуирано добиваат информации за својот напредок преку резултатите од инструментите за писмено проверување и усното проверување со цел да се поттикни желбата за напредување.<br>Родителите се третираат како најважни консултанти во помошта за подобро разбирање на секој ученик како индивидуа. Информациите ги добиваат на општите родителски средби, индивидуалните средби, преку работата на Советот на родители, преку доставување на портфолијата од учениците, евидентни листови и свидетелства и е-дневник..<br>Училиштето е секогаш отворено за соработка со родителите. |

| Собирање на податоци (ii) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...) | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| -Прашалник за наставници;<br><br>-Меѓусебни разговори | -Педагогот на училиштето;<br><br>-Психологот на училиштето<br><br>-Наставници од одделенска настава;<br><br>-Наставници од предметна настава. | Анкетирани беа вкупно 59 наставници од кои 11 мажи и 48 жени , сите Македонци.<br>Според нив родителите соработуваат со наставниците со цел да го следат развојот на своите деца, родителските состаноци во училиштето се добро организирани, а учениците навреме известени.<br>Наставниците континуирано го следат и евидентираат напредувањето на учениците и редовно ги информираат за нивниот напредок.<br>При оценувањето на учениците се зема во предвид и нивното мислење за личните достигнувања.<br>Наставниците ги поттикнуваат учениците да преземат одговорност за својата работа, а пофалбата ја користат како начин за мотивирање на учениците.<br>Училиштето има добро развиен систем на праведно оценување на постигањата на учениците и овозможува задоволување на потребите за занење кај учениците со различни способности и предиспозиции. |
| -Прашалник за родители;<br>-Разговор. | -Педагогот на училиштето;<br><br>-Психологот на училиштето;<br><br>-Одделенски раководители;<br><br>-Наставници од одделенска настава; | Анкетирани беа вкупно 233 родители со еднаква полова застапеност.<br>Родителите се добро информирани за напредокот на нивните деца.<br>Родителските состаноци се редовни и добро организирани, а исто така и информациите им се достапни преку индивидуални средби.<br>Училиштето поттикнува кај учениците чувство на нивна поголема самоконтрола, одговорност и поголема самостојност во работата.<br>На проблемите на учениците се реагира навремено и на соодветен начин. |

| | | |
|---|---|---|
| | -Ученици. | |
| -Прашалник за ученици;<br><br>-Разговор.<br><br>-Набљудување | -Педагогот на училиштето;<br><br>-Психологот на училиштето;<br><br>-Одделенските раководители;<br><br>-Наставниците од одделенска настава; | Анкетирани беа вкупно 239 ученици со еднаква полова застапеност.<br>Подеднакво се третираат сите ученици ( машки и женски ) при испрашувањето и користењето на ресурсите и при изложување на трудовите.<br>Во текот на наставата се користат различни методи и техники на учење кои ги поттикнуваат на размислување и создавање на нови идеи.<br>Задоволни се од училиштето и од наставата што се реализира во него и од начинот на кој што наставниците се однесуваат спрема нив.<br>Ги поттикнуваат на работа преку праведно и реално оценување, преку почитување на нивното мислење и преку вклучување во повеќе активности во училиштето. |

**Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости**

**Клучни јаки страни**

- ✓ Наставниците навремено и квалитетно изготвуваат планирања за наставата;
- ✓ Посветување на подеднакво внимание на учениците со различни способности и потреби;
- ✓ Користење на различни методи, форми и техники на учење;
- ✓ Успешност на многубројни натпревари каде учениците се докажале како успешни со освојување на награди на регионални и државни натпревари
- ✓ Навремено известување на родителите и учениците за успехот;
- ✓ Со пристап во Е-дневникот секој родител може да биде информиран за успехот и редовноста на своето дете.

**Слабости**

- ✓ Недостасува реализација на отворени часови, организирани од наставнците за меѓусебна размена на искуства ;
- ✓ Поголемо вклучување на учениците во метод на самооценување со цел учениците да стекнат претстава за тоа колку знаат и сами да го вреднуваат своето знаење;
- ✓ На отворени денови и родителски средби редовно доаѓаат родители на ученици што покажуваат повисоки постигнувања;
- ✓ Недостаток од прирачници и литература за работа со деца со посебни образовни потреби.

**Анализа на резултатите:**

***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје***

Наставниците изготвуваат навремени планирања за воспитно образовната работа . Изготвуваат различни видови на планирања кои овозможуваат воспоставување корелација меѓу предметите кои се интегрираат и целосно ангажирање на ученикот во решавањето на проблемите и задачите.

За збогатување на наставата во работата со учениците се користат различни методи и техники на учење кои му овозможуваат на наставникот да добие правилна слика за напредувањето на учениците во учењето и развојот, се поттикнува критичкото мислење кај учениците од сите возрасти и во рамките на сите наставни предмети.

Училиштето е отворено за родителите и за сите оние кои се заинтересирани за неговото работење.

Училишната средина ги стимулира и мотивира подеднакво учениците од двата пола преку вон наставни активности, промовирање и изложување на ученички трудови, резултати од натпревари.

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Реализација на отворени часови, реализирани од наставниците за меѓусебна размена ;
- Вклучување на учениците во метод на самооценување;
- Поголема присутност и заинтересираност на родителите чии деца покажуваат слаб успех.

***Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.***

***Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.***

***Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.***

***Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.***

**Оддели во рамките на подрачјето:**

- **Севкупна грижа за учениците**
- **Здравјето и постконфликтните трауми**
- **Советодавна помош на учениците**
- **Следење на напредокот**

| **Собирање на податоци** (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).<br>(i) Обработка на документи | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| -Протокол за соработка со ученици изготвен од педагогот на училиштето ;<br><br>-Протокол за соработка со родители и наставниците ;<br><br>-Извештаи од систематски прегледи . | Училишниот простор е безбеден за изведување на настава во една смена. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор. Училиштето има изготвено План за безбедност. Во него се наведени мерки за заштита, спасување и евакуација.<br>За обезбедување грижа, благосостојба и заштита на машките и женските деца како и оние деца со посебни образовни потреби како форми и активности се користат непосредниот разговор, советување, стручни предавања и систематски прегледи поврзани со здравјето, предавања во врска со правата на детето, вклучување во ученичките организации и др.<br>За оценување емоционалните, физичките и социјалните потреби на сите машки и женски деца училиштето користи непосреден разговор со учениците и родителите, соработка со службата за социјални грижи и други асоцијации, како и вклучување на учениците во слободните ученички активности.<br>Доколку постои сомневање за злоупотреба на одделни ученици, стручната служба во училиштето ги запознава родителите на учениците и надлежните служби и институции.<br>Систематски преглед на учениците од I, III, V, VII и IX одделение се спроведуваат - Според планот на Јавната задравствена установа „Нада Михајлова“-Пробиштип. Тие опфаќаат мерење на висина и тежина, проверка на вид, проверка на рбетен столб и локомоторен систем, лабараториски преглед на крв и урина. По извршените прегледи се евидентира состојбата и доколку има потреба се дават препораки за понатамошно специјалистичко проследување. За сите прегледи навремено се информираат родителите а истите се изведуваат во ЈЗУ „Нада Михајлова“ со одделенскиот раководител или предметен наставник.<br>Вакцинација и ревакцинацијасе врши Според планот на Јавната задравствена установа „Нада Михајлова“-Пробиштип.<br>Опфатени се учениците според календарот за имунизација и вакцинација, одговорното лице од училиштето е одделенскиот раководител. Вакцинацијата се врши во ЈЗУ „Нада |

| | |
|---|---|
| | Михајлова“- Пробиштип во присуство на родител и одделенски наставник за учениците од I до V одделение,а за учениците од VI до IX одделение во присуство на одделенскиот раководител. |
| -Стручни предавања изготвени од стручната служба;<br><br>-Извештаи од систематски прегледи . | Следењето на учениците со физички и ментални здраствени проблеми и на оние со посебни потреби се врши преку секојдневната работа за време на наставата, непосредните контакти на наставниците со учениците, систематските прегледи, разговор со родителите и сл.<br>Во досегашното работење на училиштето не сме се сретнале со деца кај кои се идентификувани постконфликтни трауми.<br>При користење на машини или научни инструменти со кои располага училиштето се врши редовна проверка на нивната исправност, правилно користење на нагледните средства и помагала, користење на заштитни хигиено-технички средства. |
| -Материјали од работата на Советот на родители;<br><br>-Програма за работа на стручната служба;<br><br>-Програма за работа на одделенските часови:<br><br>-Печатени материјали ( конкурси ) . | Преку работата на Советот на родители, родителските средби и на одделенските часови родителите и учениците се запознават со постоењето на стручна служба во училиштето и за видот на помошта која можат да ја добијат како советодавна работа со учениците при изборот за учество во слободни активности, додатната и дополнителна настава, советодавна работа со учениците кои покажуваат асоцијално однесување, нередовност и слаб успех, советодавна работа со родителите чии деца побрзо напредуваат, или пак имаат проблеми во учењето, редовноста и дисциплината, учество во организација на активности во педагошкото образование на родителите преку стручни предавања и сл.<br>Во училиштето се преземаат мерки за санкционирање на насилство од страна на наставниците,одделенските раководители и стручните служби.<br>Во согласност со Програмата за професионално ориентирање и информирање на учениците и Програмата за работа на одделенските часови се реализираат следните активности: предавање за учениците и за родителите од страна на одделенските раководители психологот и педагогот на училиштето, индивидуално информирање на родителите и учениците, организирање на ликовни изложби со цел да се откријат склоностите на учениците, посета на средни училишта, информации со печатени материјали и анкетирање на учениците. |

| | |
|---|---|
| -Одделенски книги;<br><br>-Матични книги:<br><br>-Ученички легитимации;<br><br>-Записници од родителски средби;<br><br>-Закон за основно образование;<br><br>-Преведници;<br><br>-Свидетелства;<br><br>-Досие на учениците. | Редовноста, поведението и развојот на учениците се евидентира во одделенските книги, матичните книги, евидентни листови, прегледи за учество во слободни ученички активности и регистер за учество и постигнати резултати на учениците во ученички натпревари, изложби, конкурси и други манифестации. Евидентирањето на редовноста на учениците, поведението и нивниот развој го вршат наставниците и им е достапно на учениците и на родителите преку родителските средби, евидентни листови и свидетелствата и е-дневник.<br>Врз основа на резултатите од евиденцијата се согледуваат слабостите и потешкотиите на кои наидуваат учениците и се преземаат соодветни стратегии за надминување на истите.<br>Согласно законот за основно образование за учениците кои преминуваат во други училишта, училиштето доставува преведница на училиштето во кое преминал ученикот. Училиштето не го испишува ученикот се додека не добие повратна информација од училиштето во кое ученикот преминал. По доставувањето на извештајот се доставуваат и сите податоци за успех, редовност и поведение.<br>Исти такви податоци училиштето добива од она училиште од кое доаѓа ученик.<br>Во отсуство на вакви податоци училиштето ги добива информациите преку воспоставување контакт со училиштето во кое ученикот посетувал настава и со користење на податоци од евидентните листови на ученикот и свидетелствата од предходните одделенија. |

| Собирање на податоци (ii) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...) | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| -Прашалник за наставници;<br><br>-Меѓусебни разговори. | -Педагогот на училиштето ;<br><br>-Психологот на училиштето;<br><br>-Наставници од одделенска настава;<br><br>-Наставници од предметна настава . | Анкетирани беа вкупно 59 наставници од кои 11 мажи и 48 жени , сите Македонци.<br>Наставниците редовно го следат и бележат напредувањето на учениците.<br>Училиштето овозможува задоволување на потребите за знаења кај учениците со различни способности и преиспозиции.<br>При оценувањето се води сметка за напредувањето на учениците во зависност од нивните индивидуални способности.<br>Наставниците имаат воспоставено успешна соработка со стручната служба во училиштето.<br>Училиштето овозможува соработка со наставниците и со надворешни институции во работата со учениците. |
| -Прашалник за родители;<br><br>-Разговор. | -Педагогот на училиштето;<br><br>-Психологот на училиштето<br><br>-Одделенски раководители ;<br><br>-Наставници од одделенска настава ;<br>-Ученици . | Анкетирани беа вкупно 233 родители со еднаква полова застапеност.<br>Стручните служби се во добри односи со родителите и на учениците им ја дава потребната подршка.<br>Постојно добививаат повратни информации од наставниците во врска со успехот на нивните деца .<br>Учениците се добро информирани за продолжување на средното образование.<br>Според нив наставниците добро ги познаваат своите ученици, се грижливи за нив и секогаш позитивно ги вреднуваат резултатите и постигнатите успеси.<br>На проблемите на учениците се реагира навремено и на соодветен начин. |
| -Прашалник за ученици;<br><br>-Разговор. | -Педагогот на училиштето;<br><br>- Психологот на | Анкетирани беа вкупно 239 ученици со еднаква полова застапеност.<br>Најголем број од учениците се изјасниле дека наставниците се вредни и праведни, им помагаат во работата за подобрување на |

| | | |
|---|---|---|
| | училиштето;<br><br>-Одделенските раководители;<br><br>-Наставниците од одделенска настава. | успехот, ги пофалуваат за постигнатите резултати, ги вклучуваат во сите ученички активности.<br>Наставниците преземаат мерки за подобрување на дисциплината во паралелката.<br>Односите меѓу учениците , како и меѓу учениците и наставниците се добри и се базираат на взаемно почитување и разбирање.<br>Кај учениците не постои страв од испрашување, задавање домашни задачи и не се обесхрабруваат од лоши оцени. |

| **Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости** |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br>✓ Севкупна грижа за сите ученици подеднакво без разлика на нивната социјална и материјална положба, полова и етничка припадност;<br>✓ Грижа за нивното здравје;<br>✓ Континуирано следење на напредокот на учениците;<br>✓ Добра информираност на учениците за професионалната ориентација;<br>✓ Отвореност на училиштето за соработка со родителите и со стручните служби и институции од локалната заедница за поддршка на учениците |
| **Слабости**<br>✓ Недоволна самоиницијативност на родителите да се вклучат во образованието на своите деца,;<br>✓ Сите наставници немаат посетено обука за давање на прва помош<br>✓ |

**Анализа на резултатите:**

***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје***

Училштето применува различни форми и активности за обезбедување грижа, благосостојба и заштита на машките и женските деца вклучувајќи ги и оние со посебни образовни потреби преку непосреден разговор со нив и нивните родители, преку соработка со службата за социјални грижи и други асоцијации како и со вклучување на учениците во слободните ученички активности.

Преку секојдневната работа за време на наставата, непосредните контакти со учениците , систематските прегледи и разговор со родителите училиштето ги открива учениците со физички и ментални здраствени проблеми и во соработка со училишниот лекар пристапува кон преземање мерки за соодветно решавање на проблемите.

Односите помеѓу учениците, наставниците и родителите се градат на взаемно почитување и доверба.

Постои добра информираност за професионалната ориентација на учениците.

Евиденцијата за редовноста, поведението и развојот на учениците уредно се води во одделенските и матичните книги, ученичките книшки и истата им е достапна на родителите.

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Обука на наставниците за работа со ученици со посебни потреби;
- Организирање на обука за наставници за давање на прва помош;

Самоевалуација на училиштето: ООУ„Браќа Миладиновци-Пробиштип” Подрачје Училишна клима

|  |
| --- |
| ***Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.***<br><br>***Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.***<br><br>***Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.***<br><br>***Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.*** |
| **Оддели во рамките на подрачјето:**<br><br>➢ **Училишна клима и односи во училиштето**<br><br>➢ **Промовирање на постигањата**<br><br>➢ **Еднаквост и правичност**<br><br>➢ **Соработка со родителите и со локалната заедница** |

| Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).<br>(i) Обработка на документи | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| -Кодекс на однесување;<br><br>-План за развој на училиштето;<br><br>-Дневник за соработка со учениците;<br><br>-Регистер на изречени педагошки мерки;<br><br>-Книга за соопштенија на учениците. | Односите меѓу учениците и наставниците се базираат на взаемно почитување. Постои клима на отвореност и взаемна подршка, се поттикнува развојот на интелектуалните, емоционалните и практичните вештини, односно индивидуалните способности на сите ученици.<br>Исто така постои однос на взаемно почитување и доверба меѓу учениците од различен пол, етничко потекло и различни способности.<br>Во училиштето владее и се негува позитивна клутура, отворена комуникација и конструктивно решавање на проблемите.<br>Во училиштето мал број на ученици манифестираат негативно однесување, нарушување на правилата на однесување спрема другите ученици и наставниците, оштетување на инвентарот на училиштето и непридржување на куќниот ред. Овие појави немаат влијание кај останатите ученици. Со овие ученици советодавно разговара одделенскиот раководител, а по потреба и стручните служби, со цел да се надминат проблемите. Во зависност од тежината на проблемот се бара помош и од родителот на ученикот. За учениците кои продолжуваат со негативно однесување им се изрекува педагошка мерка.<br>За унапредување на воспитно-образовната дејност и условите за работа училиштето соработува со Министерството за образование, Бирото за развој на образованието, локалната самоуправа, родителите (старателите) на учениците, невладини организации и други.<br>Гордоста на учениците и наставниците на своето училиште произлегува од јасно дефинираната Мисија на училиштето која укажува дека сите ученици имаат подеднакви можности за учење и напредок, постои позитивна клима за работа, меѓусебно разбирање, почитување, квалитетна настава и постигнати солидни резултати.<br>Со Планот за развој на училиштето обединети се идеите на сите вработени, а активностите насочени кон негова реализација. |

| | |
|---|---|
| -Регистер за учество и постигнати резултати на ученички натпревари и конкурси;<br>-Видео записи од културно уметнички програми;<br>-Прилози доставени во јавни медиуми;<br>-Училишни весници и информатори. | Промовирањето на постигањата на машките и женските ученици, вклучувајќи ги и оние со послаби способности за учење се врши преку културно уметничките програми во училиштето, преку учество на конкурси по повод разни јубилеи, учество со свои прилози во јавните медиуми, преку резултатите постигнати на ученичките натпревари. |
| -План и програма за работа на вонанставните активности (слободни ученички активности, додатна, факултативна и изборна настава );<br><br>-Одделенските книги;<br><br><br>-Материјали од работа на ученичката заедница. | Задоволувањето и негувањето на индивидуалните интереси и способности на сите ученици без оглед на половата и етничката припадност се врши преку нивно вклучување во воннаставните активности кои ја поттикнуваат и негуваат детската љубопитност, нивната креативност и сознајните способности.<br>Додатната настава е можност за проширување на знаењата на учениците кои покажуваат посебен интерес и пројавуваат изразити способности по одделни наставни предмети.<br>Со вклучувањето на учениците во ученичките натпревари се развива натпреварувачкиот дух и се постигнуваат подобри воспитно-образовни резултати.<br>За учениците кои се соочуваат со повремени тешкотии во учењето, побавно напредуваат или заостануваат во совладувањето на содржините се организира дополнителна настава.<br>Преку ученичката заедница, учениците преземаат активности кои ги изразуваат нивните желби и интереси.<br>Помошта што училиштето им ја дава на наставниците за еднаков третман на сите ученици се состои во советодавно-консултативна работа по однос на изборот и примената на ефикасни форми, методи, средства и постапки во наставната работа, учество во создавање на поволна социјална клима во паралелките и воспоставување демократски односи во колективот, учество во откривање на промените во однесувањето на учениците и вклучување во работата на заедницата.<br>Со цел учениците да добијат еднаков третман, училиштето ја следи ефикасноста на организацијата на наставата, работата на воннаставните активности и ги следи социо културните услови во кои работаат учениците. |

| | |
|---|---|
| Годишна програма за работа на училиштето<br><br>План и програма за родителските средби<br><br>Програма за работа на Советот на родители и материјали од работата<br><br>Полугодишни и Годишни извештаи за работата на училиштето<br><br>План за развој на училиштето<br><br>Фотографии | Соработката на училиштето со семејството се реализира преку различни форми и активности како што се:<br>- индивидуални контакти ( посета на родителот во училиштето, посета на наставникот на родителскиот дом, телефонски разговори);<br>- родителски состаноци ( на ниво на училиште, одделение, паралелка, група за одредени прашања) ;<br>- вклучување на родителите во сите структурни подрачја, односно во зависност од нивната професија и афинитет даваат придонес со свои мислења и сугестии во следењето и унапредувањето на образовната и воспитната дејност на училиштето.<br>Преку работата на Советот на родители се запознаваат со Годишната програма за работа на училиштето, со извештајот од реализираните задачи и постигнатите резултати, со условите за работа, мисијата, визијата за натамошниот развој на училиштето.<br>Училиштето ја збогатува својата воспитно –образовна дејност и преку соработката со културните установи и институции и тоа: Домот на културата на општина Пробиштип кој располага со кино сала и градска библиотека и со локалната самоуправа преку посети, организирање академии, предавање на разни теми за едукација на учениците и наставниците и сл.<br>Соработката со локалното население се реализира преку организирање на разновидни општествени културни и образовни активности како што се прослави на празници и јубилеи, изложби, прибирање предмети од етнографското богаство на локалната средина и збогатување на етнолошката збирка во училиштето како и преку вклучување во проекти за унапредување на работата на училиштето.<br>Преку соработката со локалните стопански организации кај учениците се развива позитивен однос кон трудот, самостојност, креативност и воведување во начинот на работењето и производството.<br>Училиштето соработува со останатите училишта од општината преку организирање на спортски активности, литературни читања, натпревари и други манифестации. |

| Собирање на податоци (ii) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...) | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| -Прашалник за наставници;<br><br>- Взаемни контакти и разговори. | -Педагогот на училиштето;<br><br>-Психологот на училиштето;<br><br>-Наставници од одделенска настава;<br><br>-Наставници од предметна настава . | Анкетирани беа вкупно 59 наставници од кои 11 мажи и 48 жени , сите Македонци.<br>Наставниците ја почитуваат личноста на ученикот и градат односи на взаемна доверба и соработка.<br>Не постојат предрасуди по однос на половата и етничката припадност.<br>Наставниците водат севедотавно-консултативни разговори со учениците кои манифестираат негативно однесување и во соработка со нивните родители ги надминуваат негативните појави.<br>Подеднакво ги вклучуваат учениците во воннаставните активности за задоволување на нивните индивидуални потреби |
| -Прашалник за родители;<br><br>- Взаемни контакти и разговори. | -Педагогот на училиштето;<br><br>-Психологот на училиштето;<br><br>-Одделенски раководители ;<br><br>-Наставници од одделенска настава ;<br><br>-Ученици . | Анкетирани беа вкупно 233 родители со еднаква полова застапеност.<br>Училиштето им дава можност на учениците за учество во повеќе воннаставни активности.<br>Учениците се чувствуваат среќни и задоволни во училиштето, добро се снаоѓаат и комуницираат меѓусебно.<br>Постојано контактираат со наставниците, слободно поставуваат прашања и ги изнесуваат своите проблеми.<br>Родителските состаноци се редовни и добро организирани. |
| -Прашалник за ученици;<br>- Взаемни контакти и разговори. | -Педагогот на училиштето;<br>-Психологот на училиштето; | Анкетирани беа вкупно 239 ученици со еднаква полова застапеност.<br>Односите меѓу учениците и наставниците се базираат на взаемно почитување. |

| | | |
|---|---|---|
| | -Одделенските раководители;<br><br>-Наставниците од одделенска настава. | Постои доверба меѓу учениците, соработка, другарство и отворена комуникација.<br>Во училиштето се чувствуваат сигурни, задоволни се од наставата што се реализира во него.<br>Наставниците се трудат да ги разберат учениците, го почитуваат нивното мислење и идеи и знаат како да ги решат проблемите со дисциплината во паралелките.<br>Учениците преку работата на ученичката заедница учествуват во донесувањето на важни одлуки за училиштето. |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ„Браќа Миладиновци-Пробиштип”** **Подрачје Училишна клима**

| **Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости** |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br>✓ Учениците со различни способности, пол и етничко потекло взаемно се почитуваат, соработуваат и си помагаат<br>✓ Помеѓу учениците и наставниците постои взаемна подршка и клима на отвореност за соработка<br>✓ Постои целосно задоволување на интересите и потребите на учениците<br>✓ Училиштето успешно ги надминува проблемите поврзани со дисциплината и поведението на учениците<br>✓ Училиштето има изготвен Кодекс на однесување на наставниците и учениците истакнат на видно место.<br>✓ Максимална отвореност на учичлиштето за соработка со родителите и локалната заедница<br>✓ Многубројни воннаставни активности и медиумско промовирање на училиштето |
| **Слабости**<br>✓ Потреба од поголема соработка помеѓу наставниците од одделенска и предметна настава,особено за некои заеднички проекти и работилници помеѓу учениците од предметна и одделенска настава.<br>✓ Недоволна вклученост на невладините организации и бизнис секторот во работата на училиштето<br>✓ Недоволна соработка со поедини родители во одредени активности |

**Анализа на резултатите:**

***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје***

Во училиштето владее и се негува позитивна култура која се манифестира со заемно почитување, доверба, соработка и подршка на сите ученици без разлика на половата и етничката припадност.

Училиштето ги задоволува и негува индивидуалните интереси и способности на сите ученици преку разни форми на активности.

Промовирањето на постигањата на учениците вклучувај ќи ги и оние со полаби способности за учење се врши преку организирање на културно уметнички програми во училиштето и локалната заедница, преку учество на конкурси и учество со прилози во јавните медиуми.

Училиштето ја збогатува својата воспитно-образовна дејност и преку соработката со културните установи и институции.

Училиштето има јасно дефинирана мисија која укажува дека сите ученици имаат подеднакви можности за учење, постои позитивна клима за работа, меѓусебно почитување и квалитетна настава.

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Воспоставување на непосреден контак со невладини организации и бизнис групи за подршка на училиштето;
- Поголема соработка помеѓу наставниците од одделенска и предметна настава,особено за некои заеднички проекти и работилници помеѓу учениците од предметна и одделенска настава;

**Самоевалуација на училиштето: ООУ„Браќа Миладиновци-Пробиштип”** **Подрачје Ресурси**

*Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.*

*Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.*

*Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.*

*Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.*

**Оддели во рамките на подрачјето:**

- **Сместување и просторни капацитети**
- **Наставни средства и материјали**
- **Персонал**
- **Развој на персоналот**
- **Финансиско работење во училиштето**

| **Собирање на податоци** (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).<br>**(i) Обработка на документи** | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| -Годишна програма за работа на училиштето;<br><br>-Слики од наведените простории(училници,кабинети ,заеднички простории). | Училиштето е изградено 1961 година, а функционира како централно основно училиште до 1984 година. Во состав на ОУ ”Браќа Миладиновци” во Пробиштип како единствено правно лице, функционира ПОУ ” Кирил и Медодиј” во Злетово, ПОУ ”Ванчо Трајков ” во село Пробиштип, ПУ во село Добрево и ПУ во село Ратавица, а работи и паралелка за ученици со посебни потреби и нижо музичко училиште. Во комплексот на училиштата се наоѓаат уредени дворни површини, отворени спортски терени и спортска сала. ОУ ”Браќа Миладиновци” е направено од тврд градежен материјал и располага со класични училници, кабинети за предметна настава, благодарение на проектот компјутер за секое дете одреден број на класични училници се опремени со комплетна компјутерска опрема. Исто така ученичка кујна со трепезарија која моментално не работи, наставничка канцеларија, просторија за администрација, санитарни јазли, фискултурна сала со трибини за гледачи која е лоцирана во посебна зграда.<br>Училиштето располага со вкупна корисна површина од 3 165 м² што се затоплува со воден систем загреван со ЕЛ - нафта.<br>Училиштето располага со вкупна дворна површина од 19 100м ² од која на спортски терен отпаѓаат 1 200м² ( фискултурна сала изградена 1972 година од тврд градежен материјал со површина од 806 м² во која затоплувањето се врши со топловоден систем загреван со ЕЛ- нафта и отворен спортски терен), уреден училишен двор од 13 600 м² и друга површина од 4 300 м².<br>Училиштето во својот простор организира и реализира воспитно-образовна работа со учениците од деветгодишното образование и со учениците од прво до деветo одделение по иновативни наставни програми според планот и програмата на Министерството за образование и наука.<br>ООУ “ Браќа Миладиновци “ - Пробиштип е модерно и современо училиште и располага со простор кој овозможува наставата да се изведува во една смена. Училишните простории ги задоволуваат потребите на училиштето за организирање и реализирање на квалитетна настава, а во грејната сезона ќе се загрееваат со топловоден систем, освен во Подрачното училиште во Добрево и во Ратавица каде што загревањето ќе биде класично со цврсто гориво - дрва, што ќе овозможи добро |

| | |
|---|---|
| | затоплување и реализирање на квалитетна настава во добри хигиенски услови. |
| -Пописна листа на библиотеката;<br><br>-Евиденциона книга за фондот на книги;<br><br>-Компјутерски изработена програма за фондот на книги во медиатеката;<br><br>-Записници од стручни активи;<br><br>-Податоци од извршени анкетирања за потребите од нагледни средства; | Училиштето има стручна литература и наставни помагала но има потреба од нивно дополнување и осовременување<br>Во училиштето има библиотека со книги од стручна литература. Дел од книгите се застарени, а дел се во добра состојба. Потребите од лектирни изданија делумно се задоволени и секоја година се врши збогатување на нови лектири за сите одделенија од прво до осмо одделение и збогатување на стручната литература.<br>Вкупниот фонд на лектири за ученици и стручни списанија за наставници изнесува 13 376 од кои во библиотеката во централното училиште има 11 283, во библиотеката во с.Злетово 1 595 и во с.Пробиштип 498.<br>Потребите од наставни средства и материјали се утврдуваат на заедничките состаноци, стручни активи и преку анкетни листови.<br>Употребата е следена од страна на директорот и стручната служба. Тие исто така помагаат во успешно реализирање на програмата и ефикасно користење на наставните средства. |
| -Годишни планови за работа на училиштето;<br><br>-План за развој на училиштето;<br><br>-План за работа со приправници;<br><br>-Евиденциона тетратка за присуство на вработените; | Целиот персонал е редовно присутен на работа според прописите. За неговата присутност се води евиденција за тоа кој е присутен, кој е отсутен и кој од наставниците или од другиот персонал е на замена.<br>Евиденцијата ја води директорот на училиштето, а му помагаат и помошник директорот и стручната служба.<br>По однос на работното искуство состојбата е следната:во воспитно образовната работа вклучени се 68 извршители од кои 23 одделенски наставници, 40 во предметна настава, 2 во ниже музичко училиште, 1 во продолжен престој, 1 наставник за посебни потреби, 1 педагог, 1 психолог, 1 дефектолог , 2 библиотекар и директор на училиштето.<br>Наставниците посетуваат семинари,обуки,стручни предавања и други активности и за тоа добиваат помош и поддршка од колегите. |

| | |
|---|---|
| -Годишни програми за работа на:<br>Директорот, Наставничкиот совет, Педагогот, наставниците;<br><br>-Менторски програми;<br><br>-План за работа со приправници;<br><br>-Мислење за работата на приправникот од менторот и од Наставничкиот совет; | За оценување на работата на наставниците се грижи директорот кој води белешки за нивната работа и истата ја оценува.<br>Работата на наставниците и нивниот професионален развој се разгледува на Наставничките и на Одделенските совети во училиштето.<br>Училиштето им дава поддршка на оние наставници кои сакаат да ги подобрат своите стручни способности.<br>Професионалниот развој на наставниот кадар во училиштето во учебната 2014/2015 год. се реализираше преку посета на неколку семинари организирани од страна на МОН и Бирото за развој на образованието.<br>Тројца наставници од нашето училиште присуствуваа на обука за предметот иновации во Штип. Целта на оваа обука беше наставниците да се подготват да го предаваат предметот иновации кој се воведува од оваа учебна година во IX одделение.<br>Двајца наставници по Физичко и здравствено образование присуствуваа на семинар за стручно усовршување на наставниците по ФЗО кој се одржа во Куманово, а беше организиран од МОН и Факултетот за Физичка култура –Скопје.<br>Одделенските наставници кои во учебната 2015/2016 година ќе предаваат во четврто и петто одделение посетија обука за математика организирана од Бирото за развој на образованието со цел поуспешна реализација на поедини теми од наставните програми по математика превземени од Меѓународниот центар за наставни програми Кембриџ.<br>Продолжува со реализација проектот „Математика со размислување во почетните одделенија„. Наставниците кои се обучени во рамките на проектот Градење на капацитети на наставниците во математика со размислување можат да се стекнат со сертификат за примена на стекнатите знаења во сопствената практика.<br>Двајца наставници од нашето училиште посетија обука за Програмата „Унапредување на јазична писменост“ која се одржа во ОУ„Ванчо Прке“-Штип. Овие наставници се стекнаа со знаења и вештини кои ги пренесоа на сите одделенски наставници од нашето училиште, преку дисеминација која траеше пет дена. Со ова сите наставници се стекнуваат со можност за сертификација во рамките на оваа програма.<br>Изработени се нови наставни програми во соработка со Кембриџ според кои советници од Бирото за развој на образованието во соработка со наставници обучени од тимот на Кембриџ, одржаа обука за одделенските наставниците кои во учебната 2015/2016 година ќе предаваат математика во IV и Vодделение, сите предметните наставници кои во Viодделение ќе предаваат математика, одделенските наставници кои ќе изведуваат настава по природни науки во IV одделение и предметните наставници кои ќе изведуваат настава по природни науки во V и VI во учебната 2015/2016 година. |

| | |
|---|---|
| | Во учебната 2015/2016 год. професионалниот развој на наставниците се реализираше преку посета на обуки и семинари и тоа:<br>Во рамките на проектот на УСАИД „Со читање до лидерство“, спроведуван од страна на Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“, двајца наставници посетија обука која ќе овозможи зајакнување на педагошките вештини на наставниците, особено вештините за формативно оценување и проценката на нивото на јазичната и математичка писменост кај учениците и подигање на свеста кај целата заедница за тоа колку е важно описменувањето на рана возраст. Подоцна овие наставници извршија тестирање на ученици од второ и третто одделние со кое учествуваа во студијата за проценка на математичката и јазична писменост кај ови ученици.<br>За наставниците по физичко образование беше одржан семинар со цел усовршување на наставниците по физичко воспитание.<br>За стручните соработници беше организирана обука на тема Акционо истражување во воспитно-образовната практика.<br>Одделенските наставници кои во учебната 2016/2017 година ќе предаваат во четврто и петто одделение посетија обука за математика организирана од Бирото за развој на образованието со цел поуспешна реализација на поедини теми од наставните програми по математика превземени од Меѓународниот центар за наставни програми Кембриџ.<br>За наставниците кои предаваат математика, физика, биологија и хемија во месец јуни беа одржани обуки од Меѓународниот центар за наставни програми Кембриџ за VII и VIII одделение за овие предмети.<br><br>Наставниците можат да користат компјутер, интернет, стручна литература, им се даваат слободни денови кога има потреба за тоа, се наоѓа замена за нивните часови и сл.<br>За наставниците-приправници на Наставнички совет се носи Одлука со која се определува ментор за приправникот. Менторот ја следи неговата работа и по завршувањето на приправничкиот стаж менторот дава мислење за работата на наставникот приправник. Мислење дава и Наставничкиот совет. |
| -Документи од сметководството кое се води во училиштето од страна на книговодител:<br><br>- Жиро сметки | Финансиското работење на училиштето се врши преку три жиро сметки, со наменски средства. Првата жиро сметка е од Министерството за образование и наука преку која се финансираат личните примања на вработените. Втората сметка е сметка на сопствените приходи .Третата жиро сметка е сметката за наменски додатоци-сметка од локалната самоуправа преку која се финансираат материјалните трошоци на |

| | |
|---|---|
| - Завршни сметки<br>- Финансиски планови<br>- Планови за пресметка на плата | училиштето.<br>Сите средства кои се слеваат на жиро сметките се строго наменски и се употребуваат за онаа цел за која се наменети. На тој начин се врши контрола над нивното трошење.<br>За училишниот буџет и за трошоците, информации има директорот на училиштето и лицето кое раководи со финансиското работење. Секој од вработените може да се информира доколку изрази желба, а на крајот од годината преку изготвените завршни сметки се известуваат и членовите на Училишниот одбор. Преку делегираните членови на Училишниот одбор од страна на локалната заедница, истата добива информации за начинот на финансиското работење на училиштето.<br><br>Финансиката служба врз основа на однапред изготвени критериуми изготвува финансиски планови однапред за тековната година. Тие планови се изготвуваат за секоја жиро сметка со која располага училиштето посебно. Финансиските планови ги опфаќаат планираните приходи кои се потребни за одвивање на работењето на училиштето, и расходите кои на основа на нив ќе бидат направени во текот на работењето. |

| Собирање на податоци (ii) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...) | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| -Прашалник за наставници;<br><br>-Меѓусебни разговори. | -Педагогот на училиштето ;<br><br>-Психологот на училиштето;<br><br>-Наставници од одделенска настава;<br><br>-Наставници од предметна настава . | Анкетирани беа вкупно 59 наставници.<br>Наставниците сметаат дека опремата на училиштето, големината на просторот одговараат на воспитно образовните стандарди и современите наставни помагала овозможуваат квалитетно реализирање на наставата.Според нив училиштето располага со доволно простор за дружење во слободното време.<br>Библиотеката е добро опремена и библиотечниот фонд ги задоволува во целост потребите на учениците.<br>Вработените во училиштето и членовите на Училишниот одбор се запознати со начинот на работење со финансиските средства кој е во склад со воспитно образовните цели и приоритетите на училиштето. |
| -Прашалник за родители;<br><br>-Меѓусебни контакти и разговори. | -Педагогот на училиштето;<br><br>-Психологот на учлилиштето;<br><br>-Одделенски раководители ;<br><br>-Наставници од одделенска настава ;<br><br>-Ученици | Анкетирани беа вкупно 233 родители.<br>Нивните деца во училиштето се чувствуваат среќно и задоволно.<br>Училиштето на сите ученици им нуди подеднакви можности за успешно реализирање на нивните обврски по однос на просторните услови и стручноста на наставниот кадар.<br>Во училиштето се работи квалитетно и максимално се искористени просторните услови, стручната литература со која располага и библиотеката. |
| -Прашалник за ученици;<br><br>-Разговори. | -Педагогот на училиштето;<br><br>-Психологот на училиштето; | Анкетирани беа вкупно 239 ученици.<br>Учениците максимално ги искористуваат капацитетите кои ги има училишната библиотека но истата во целост не ги задоволува нивните потреби.<br>Учениците сметаат дека има потреба од набавка на лектири и |

| | | |
|---|---|---|
| | -Одделенските раководители;<br><br>-Наставниците од одделенска настава. | друга стручна литература во училишната библиотека.<br>Задоволни се од изгледот на кабинетите, изгледот на училниците и опремувањето на истите со комјутери за секој ученик, фискултурната сала и др.<br>Спортските терени во кругот на училиштето и фискултурната сала им овозможуваат на учениците спортување и рекреација во слободното време. |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ„Браќа Миладиновци-Пробиштип”** **Подрачје Ресурси**

| Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br>✓ Кабинетска настава<br>✓ Персоналот е заинтересиран за професионален развој ( индивидуално и на ниво на училиште).<br>✓ Добро опремена фискултурна сала;.<br>✓ Финансиското работење во училиштето се води уредно. |
| **Слабости**<br>✓ Наставните средсва и помагала се застарени.<br>✓ Оштетена кровна конструкција на централното и на подрачното училиште во с.Пробиштип |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ„Браќа Миладиновци-Пробиштип”** **Подрачје Ресурси**

**Анализа на резултатите:**

***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје***

Нашето училиште располага со адекватни училници и сите потребни простории кои ги задоволуваат потребите за изведувањето на наставата.

Сите училници се опремени со компјутери за секој ученик, со што се овозможува современа воспитно-образовна работа.

Училиштето располага со добро опремена фискултурна сала и спортски терени кои ги задоволуваат потребите на наставата по ФЗО..

Во библиотеката има книжен фонд но пожелно е истиот да се обнови и дополни со нова литература.

Наставните средтсва и помагала се застарени и потребно е да се обноват.

Потребна е промена на кровот во централното и во подрачното училиште во с.Пробиштип

Персоналот е редовно присутен на работа и училиштето има стратегија за негово ангажирање.

Наставниот кадар е стручно оспосбен и добива подршка доколку сака да ги подобри стручните спососбности.

Финансиското работење во училиштето е добро спроведено и контролирано.

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Поправка на кровната конструкција.
- Набавка на нови наставни средства и помагала.

**Самоевалуација на училиштето: ООУ„Браќа Миладиновци-Пробиштип”** **Подрачје Раководство,креирање политика**

| |
|---|
| ***Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.***<br><br>***Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.***<br><br>***Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.***<br><br>***Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.*** |
| **Оддели во рамките на подрачјето:**<br><br>➢ **Раководење со училиштето**<br><br>➢ **Цели и креирање на училишната полика**<br><br>➢ **Развојно планирање** |

Самоевалуација на училиштето: ООУ„Браќа Миладиновци-Пробиштип” Подрачје Раководство,креирање политика

| Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).<br>(i) Обработка на документи | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| -Закон за основно образование;<br><br>-Статут на училиште;<br><br>-Деловник за работа на Училишниот одбор ;<br><br>-Годишна програма за работа на училиштето;<br><br>-Годишна програма за работа на директорот и дневник за работа;<br><br>-Годишна програма за работа на педагогот и дневник за работа;<br><br>-Записници од Наставнички совет;<br><br>-Записници од стручни активи;<br><br>-Записници од Одделенски совети;<br><br>-Записници од Совет на родители. | Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор кој е составен од девет члена и тоа: тројца претставници од наставниците, стручните соработници и воспитувачите, тројца претставници од родителите односно старателите на училиштето, еден претставник од МОН и двајца претставници од локалната самоправа.<br>Од именуваните членови е избран претседател кој ги планира, свикува и раководи со седниците.<br>Раководен орган на училиштето е директорот кој е одговорен за законитоста во работата и за материјално-финансиското работење на училиштето.<br>Со Законот за основно образование, Статутот на училиштето и Деловникот за работа јасно се дефинирани надлежностите на раководење, управување и надлежностите на админситративното лице ( благајник и секретар ).<br>Соработката на раководниот тим со сите субјекти во училиштето за размена на идеи поврзани со наставниот процес или разрешување на конкретни проблеми е отворена, пред се секојдневна за рутински прашања и неделна за планирани активности. Се разменуваат идеи поврзани со наставата и другите активности во училиштето. Програмски планирани состаноци на раководниот тим со наставниот кадар се одржуваат еднаш месечно и со нив раководи директортот на училиштето. На истите се разгледува и усвојува Годишната програма, Полугодишен и Годишен извештај за работата на училиштето, се утврдуваат задолженија на наставниците, се носи програма за организирање на ученички екскурзии и програма за одбележување на Патрониот празник на училиштето, програма за стручно усовршување на наставниот кадар и други прашања поврзани со наставата.<br>Присуството го поттикнува актуелноста на дневниот ред на состаноците.<br>Покрај органот на управување и раководење во училиштето има стручни органи и тела и тоа: Наставнички совет на училиштето, Одделенски совети, одделенски раководители, Совет на родители и ученички организации.<br>Работата на секој од овие органи, тела и организации на учениците е програмирана, а преку нивната реализација се запознаваат и со одлуките на раководниот тим.<br>Раководниот тим има толерантен однос со сите субјекти во училиштето. Консултациите се одвиваат по пат на разговор, со почитување личноста на соговорникот. |

| | |
|---|---|
| | Информации добиваат и на состаноци, усни известувања и писмени на огласна табла во училиштето. |
| - Кодекс на однесување;<br><br>- Правилник за почитување на куќниот ред;<br><br>- Правилник за изрекување на педагошки мерки;<br><br><br>- Евиденција за учество на учениците на натпревари;<br><br>- Регистер на изречени педагошки мерки ;<br><br>- Извештаи од систематски прегледи ;<br><br>- Годишни извештаи;<br><br>- Записници од работата на Наставничкиот совет;<br><br>- Стручни предавања и други материјали од областа на здраственото вопситување ;<br><br>- Годишната програма за работа на училиштето; | Училиштето гради политика на здрава училишна клима. Тоа го постигнува преку донесените прописи и правила на однесување на учениците.<br>Училиштето има изготвени Кодекс на однесување со кој се регулирани следните подрачја:<br>- Организација и реализација на воспитно-образовниот процес;<br>- Училишна клима;<br>- Професионален развој и усовршување;<br>- Училишна култура;<br>- Соработка со локалната средина и<br>- Комуникација и односи со јавноста.<br>Во училиштето постојат и се применуваат и следните правилници:<br>- Правилник за почитување на куќниот ред;<br>- Правилник за оценување, напредување, полагање на испити, видови на пофалби, награди и педагошки мерки;<br>- Регистер на изречени педагошки мерки на учениците;<br>- Регистер за учество на ученици на натпревари;<br>- Критериуми за утврдување Ученик-првенец на генарацијата.<br>Креирањето на училишната политика се базира на постојано истражување, анализирање и откривање на сопствените потреби на училиштето како и осмислување на начинот со кој тие потреби ќе се задоволат.<br>Во креирањето на политиката вклучени се сите наставници, ученици и родители, но постои и отвореност за соработка со различни партнери.<br>Со политиката се информираат сите заинтересирани субјекти на Наставнички совет, Одделенски совети и стручни активи, како и преку развој на тимската работа и врз основа на разговори за состојбата во училиштето. Со нивното учество се обезбедува богаство на идеи, поголема транспарентност и објективност во следењето на квалитетот на работа на училиштето.<br>Здраствената заштита на учениците се реализира преку организирани систематски прегледи во соработка со Здравствениот дом во Пробиштип.<br>Исто така се реализираат и стручни предавања од областа на здраственото воспитување во соработка со Општинската организација на Црвениот крст и Здраствениот дом.<br>Во текот на целата учебна година наставниците реализираат содржини кои помагаат |

| | |
|---|---|
| | во унапредувањето на здравјето на учениците и превентивно делуваат во заштита од болестите на зависност и заразните болести.<br>За поттикнување и развој на индивидуалните способности на учениците се планираат часови за дополнителна, додатна настава, слободни ученички активности, организирани работилници и се применуваат различни наставни стратегии за задоволување на различните потреби на децата.<br>Наставата се изведува на македонски наставен јазик за сите ученици. |
| - Годишна програма за работа на училиштето;<br><br>- Годишен извештај за работа на училиштето;<br><br>- Програма за работа на директорот. | Одговорен за годишното планирање е директорот на училиштето, а му помагаат стручните соработници.<br>Со Годишната програма за работа на училиштето е опфатена и организацијата на воспитно образовната дејност во подрачното училиште.<br>Во состав на ООУ “Браќа Миладиновци” работат четири подрачни училишта. Во ПУ с.Злетово наставата се изведува во 11 паралелки, со ученици од прво до деветo одделение, во ПУ с.Пробиштип наставата се изведува во 5 паралелки со ученици од прво до петто одделение, додека во ПУ с.Ратавица и ПУ с.Добрево работи по една комбинирана паралелка со ученици од прво до петто одделение. Планирањето за работа на училиштето го опфаќа и подрачното училиште, а консултациите за потребите се спроведуваат преку разговори со одделенскиот наставник, директно излегување на терен од страна на директорот и службите, разговор со родители и сл. |

| Собирање на податоци (ii) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...) | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| -Прашалник за наставници;<br><br>-Набљудувања;<br><br>-Разговор; | -Педагогот на училиштето ;<br><br>-Психологот на училиштето;<br><br>-Наставници од одделенска настава;<br><br>-Наставници од предметна настава . | Анкетирани беа вкупно 59 наставници.<br>Вработените во училиштето се задоволни од работата на директорот и стручната служба во училиштето.<br>Успешно ја реализираат програмата и добро соработуваат во сите училишни активности.<br>Училиштето им овозможува соработка со надворешни институции во работата со училиштето.<br>Сите вработени во училиштето и членовите на Училишниот одбор се запознати со начинот на работењето.<br>Работењето со средствата е во склад со воспитно-образовните цели и приоритетите на училиштето.<br>На наставниците им е овозможено постојано стручно усовршување и новите вработени постепено се воведуват во работата со постојана подршка. |
| -Прашалник за родители ;<br><br>-Набљудувања;<br><br>-Разговор. | -Педагогот на училиштето;<br><br>-Психологот на училиштето;<br><br>-Одделенски раководители ;<br><br>-Наставници од одделенска настава ;<br><br>-Ученици . | Анкетирани беа вкупно 233 родители со еднаква полова застапеност.<br>Родителите се задоволни од организацијата и управувањето со училиштето и од односот на директорот со нив и со нивните деца.<br>Училиштето на сите ученици им нуди подеднакви можности и ги штити од насилство и употреба на дроги.<br>Стручните соработици се во добри односи со родителите и на учениците им ја дава потребната подршка и помош. |
| -Прашалник за ученици; | -Педагогот на училиштето; | Анкетирани беа вкупно 239 ученици со еднаква полова застапеност.<br>Во училиштето се применуваат јасни правила на однесување. |

| | | |
|---|---|---|
| -Разговори;<br><br>-Набљудувања. | -Одделенските раководители;<br><br>-Наставниците од одделенска настава. | Учениците учествуваат во донесувањето на важни одлуки за училиштето.<br>Задоволни се од односот на директорот и стручните соработници кон нив кои секогаш ја почитуваат нивната личност.<br>За своите наставници имаат позитивно мислење и секогаш ја уживаат нивната подршка . |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ„Браќа Миладиновци-Пробиштип” Подрачје Раководство,креирање политика**

| |
|---|
| **Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости** |
| **Клучни јаки страни**<br><br>✓ Добра соработка на училиштето со локалната заедница и организациите од јавната и културната дејност;<br><br>✓ Работа на училиштето според претходно изработена програма и планирање;<br><br>✓ Поседување на повеќе Правилници во врска со почитување на куќниот ред, Кодекс на однесување, Правилник за избор на ученик на генерација и Правилник за пофалби и изрекување на педагошки мерки на учениците<br><br>✓ Воспоставени се партнерски односи, тимска работа, организираност, грижа за учениците и вработените<br><br>✓ Нагласена грижа за унапредување на здравјето на учениците |
| **Слабости**<br>✓ Недостиг на материјална средства за реално планирање и реализација на конкретни содржини и активности<br><br>✓ Поголема соработка помеѓу наставниците од одделенска и предметна настава,особено за некои заеднички проекти и работилници помеѓу учениците од предметна и одделенска настава.<br><br>✓ − Иако ретко, постои нарушување на работната дисциплина од поедини ученици особено во вишите одделенија. |

**Анализа на резултатите:**

***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје***

Орган за раководење на училиштето е директорот, а орган за управување на училиштето е училишниот одбор.

Тимот кој работеше на развојното планирање изготви и Кодекс на однесување, ги утврди приоритетните потреби и ја дефинира Мисијата и Визијата на училиштето. Може да се заклучи дека нашето училиште работи на завидно ниво спремно да одговори на потребите и предизвиците на новото време.

Иако во помала мера сепак училиштето има обиди за примена на тимската работа.

Училиштето во рамките на своите можности обезбедува транспарентност, се обидува да изведе систем за чесен менаџмнет во водењето на училиштето, со цел задоволни ученици и квалитетно и професионално извршување на секојдневните работни задачи.

Се налага потреба од поангажирана активност односно вклученост на родителите во работата на училиштето и потребата од едукација на членовите на Училишниот одбор согласно неговата нова улога.

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Подобрување на инфраструктурата на училиштето како визија на раководството;
- Едуцирање на наставниот кадар за изработка на долгорочни планирања и проекти;
- Зајакнување на дежурствата на наставниците, особено во време на одморите помеѓу часовите.